УДК 821.163.3-1.09"19" (049.3)

**Владимир Мартиновски**

# МАКЕДОНСКОТО ПОЕТСКО СОЅВЕЗДИЕ НА ГЕОРГИ СТАРДЕЛОВ

„Кога се зборува за македонската литература, најчесто се мисли, во прв ред, на македонската поезија. Тоа не е случајно, а најмалку е тоа заради големата и ретка македонска почит кон самата поезија" – вели реномираниот филозоф, естетичар, есеист, литературен критичар, антологичар и автор на над 20 филозофски и есеистички книги, акад. Георги Старделов (1930-2021) во воведните реченици од својата капиталната книга *Македонско поетско соѕвездие* (во издание на МАНУ и Матица македонска, 2020). Длабоко уверен дека „поезијата не е само најзначаен род на македонската книжевност, таа е *врховен принцип*", акад. Старделов на залезот од својата исклучителна критичарарска и истражувачка кариера (ни) остави во аманет неодминлива книга за секој што ќе сака темелно да ги запознае одликите и естетските дострели на современата македонска поезија. Станува збор за невообичаено волуменозна книга (со безмалку 900 страници), која едновремено се чита и како компендиум на драгоцени ставови и согледби за поезијата и како врвна белетристика. Таа е еден вид синтеза и summa summarum на долгогодишниот безрезервен и пасиониран ангажман на Георги Старделов во анализирањето, толкувањето, вреднувањето и промовирањето на дострелите на современата македонска поезија.

Сочинета од пет претходно објавени монографии, посветени на пет стожерни творечки личности и основоположници на македонската литература и култура од првите две повоени генерации, *Македонско поетско соѕвездие* е еден вид петокнижие на македонската поезија на втората половина од XX век. Имено, во структурата на оваа книга се вткаени клучните студии на Старделов сосредоточени на поезијата: *Experimentum Macedonicum* (1983),

посветена на Славко Јаневски (1920-2000); *Одземање на силата* (1990), посветена на Блаже Конески (1921-1993); *Невидинината* (2000), посветена на поезијата на Ацо Шопов (1923-1982); *Раѓање на трагедијата* (2020), посветена на поезијата на Матеја Матевски (1929-2018) и *Величанија* (1997), посветена на поезијата на Анте Поповски (1931-2003).

Многу е веројатно дека самото споменување на имињата на овие творечки личности во една низа неизбежно нѐ враќа на зачетоците, но и на шестдецениеската досегашна историја на фестивалот Струшки вечери на поезијата, кој започнува, токму, како собир на дванаесет македонски поети, кои во 1961 година ја чествуваат стогодишнината од објавувањето на Зборникот народни песни на Браќата Миладиновци, а кој постепено прерасна во еден од најзначајните меѓународни поетски фестивали во светот. Во оваа пригода би требало да истакнеме дека според Старделов, токму периодот на зачетокот на СВП коинцидира и со пресвртните години во развојот на современата македонска поезија: „Во моите пет монографии за основачите на повоената македонска поезија, вели Старделов, особено се осврнувам на првата фаза во која сите овие пет автори се спротивставија, како по некој непишан договор, на фолклорниот маниризам во кој авторската песна е сведена на чиста механичка транскрипција на народната песна (...) особено тука има пресвртничка улога појавата на 'Везилка' на нејзиното второ, дополнето издание (1961 година) (...) Со ова издание на 'Везилка' почна фундаменталната мена и промена во битието на повоената македонска поезија, настапија нејзините ѕвездени години“ (2020: 16).

Оттука, несомнено е дека монографиите што добиваат статус на поглавја во новата целина, можеме да ги читаме и засебно, но меѓу кориците на новата синтеза добиваме можност да се соочиме со безброј суптилни нишки кои Старделов ни ги оставил како завештанија и духовни предизвици. Преку вкрстување на микроскопските читања на антологиските песни на петте поети, но и преку телескопските визури кон литературните процеси, Старделов ни овозможува ѕвездите на македонската литература да ги видиме во едно ново светло, како една нова целина и структура – како соѕвездие, кое, се чини, го вклучува и него како творечка личност. Како изворен сведок на нивната севкупна творечка еволуција, Старделов е свесен дека како литературен проследувач, како што вели тој, „растев и се развивав со нивниот растеж, дека на определен начин и самиот сум вклучен во драмата на нивното творештво“.

Всушност, ако ја имаме предвид неговата теза за поетското како *врвен принцип,* како и согледбата, токму, на Матеја Матевски за критичарското кредо на Старделов, која гласи: „Тој тоа го прави со занесот, ентузијазмот

и стилот на белетрист и со зафатот и сериозноста на научник“ (2020, 883), токму оваа книга би можела да ни даде за право да говориме за присуството и славењето на поетското во критичарскиот дискурс на Старделов, како и за неговата сотворечка улога во возбудливиот и еруптивен развој на современата македонска поезија. На оваа линија е и констатацијата на Кица Колбе: „Мислејќи на Старделов, ги повикувавме во умот и имињата на сите оние кои некогаш ја сочинуваа духовната елита на македонската култура. Со нас беа и Славко Јаневски и Блаже Конески, еден век по нивното раѓање. Македонската литературна, научна и духовна елита навистина не е замислива без Георги Старделов“.

Во книгата *Македонско поетско соѕвездие*, впрочем, преку исцрпното и сеопфатно проникнување во поетските опуси и поетските искуства на Јаневски, Конески, Шопов, Матевски и Поповски, всушност Старделов ни покажува што е „едно и единствено“, што е партикуларно и препознатливо во поетиките на секој од овие творци, кои се тајните на нивното „пеење и мислење“, но и суптилно ги навестува зоните на интерференции и творечки размени, како со македонската поетска традиција, така и во дијалогот со поети од други, поблиски и подалечни меридијани. Неслучајно, дејноста на патронатите на овој фестивал, браќата Миладиновци, Старделов суптилно ги става во релација со поетските опуси на сите пет поети. Во оваа пригода, би требало да се потсетиме и дека поднасловот на книгата на Георги Старделов гласи: „Една нова поезија во европската литература на XX век“.

Оттука, кога говори за естетските дострели, за новото и за поетските искуства на македонските поети, Георги Старделов ја истражува суштината на македонското поетско писмо и преку дијалогот со светот. Како негов близок соработник и наследник, Иван Џепароски со право истакнува: „Старделов беше човек со огромни познавања на светската и на македонската култура и книжевност. Тој беше човек што сите свои знаења умееше да ги преточи во прекрасни предавања, беседи, текстови и монографски студии“. Оваа констатација наполно е валидна за последната објавена книга на Старделов. Притоа, не е случајно што Старделов како доктор по филозофски науки, како филозоф на културата и врвен естетичар трага и по творечката филозофија и по присуството на филозофското во поетските светови на овие поети.

Не е никакво изненадување што во неговите проникливи и вдахновени толкувања наидуваме како на дијалог со сознанија на низа мислители: од Аристотел, Адорно и Киркегард до Хартман, Хајдегер и Мигел де Унамуно. На страниците од оваа книга често наидуваме и на просветлу-

вачки паралели со голем број европски и светски поети, чиишто имиња, меѓу другото, се поврзуваат со СВП, секако, како струшки лауреати: од Крлежа, Алберти, Енцесбергер, Вознесенски, Одн и Сенгор, до Неруда, Гинзберг и Амихај, за чиешто поетско творештво во Св. Софија беседел токму Старделов.

Во едно интервју во 2008 година Георги Старделов вака ја објаснува улогата на литературното творештво и културно-уметничкото наследство: „Ние сме на земјата за да ги свршиме оние работи што ќе ги однесеме со себе на небото. Од секоја гледна точка, а најмногу од гледна точка на науките и уметностите, тоа се делата. Од книжевните дела, на пример, најмногу зависи меморијата на еден народ“. Од оваа визура, објавена во година во која авторот навлезе во десеттата деценија од животот (патем кажано, токму денес му е роденден на Георги Старделов) книгата *Македонско поетско созвездие* е дело што е органски споено со делата на доаjените на современата македонска поезија, кои се впишани во светското поетско небо.

Како во најдобрата поезија, благодарение на оваа огромна книга, и по обем и по значење, сведоци сме на возбудлива метаморфоза: читајќи ги вдахновените текстови на Георги Старделов, неретко имаме чувство дека астронаутот високо на небото веќе се преобразил во ѕвезда. Бидејќи, како што нагласува Старделов во повеќе текстови, и во најтешките околности, поезијата била, е и ќе биде „победа на човековиот дух“.